## АВТОРИТЕ НА СПОТОТ ОДГОВАРААТ НА ОБВИНУВАЊАТА

# Нема грчки артефакти во „Македонија вечна“

**Ивана Васева**

Сите артефакти прикажани во спотот „Македонија вечна“ на Милчо Манчевски се пронајдени во Македонија, реагираат од продуцентската куќа „Сенка филм“ на грчките обвинувања дека Македонија бесправно користи артефакти што ѝ припаѓаат на грчката античка историја.

По најавата дека содржината на спотот ќе биде една од темите на средбата на грчката министерка за надворешни работи Дора Бакојани со генералниот секретар на Обединетите нации Бан Ки-Мун закажана за следната недела во Њујорк, археолозите и продуцентите на спотот велат дека станува збор за уште едно неосновано обвинување од грчка страна.

- Артефактите се сведоштво дека тука со илјадници години имало цивилизација. Спотот е резултат на долготрајно истражување и макотрпна работа. Направена е прецизна мапа на Република Македонија на која се гледа каде се ископани сите артефакти, со прецизен опис на локалитетите каде што се пронајдени тие, а мапата е достапна на веб-сајтот на спотот - велат продуцентите на спотот од „Сенка филм“.

И режисерот Манчевски смета дека грчките шпекулации и обвинувања се непотребни.

- Грција има доволно своја историја, па не е јасно зошто хистерично реагира кога некој друг сака да ја истражува, да ја негува, да ја промовира и да се гордее со својата историја - смета Манчевски.

Археологот Виктор Лилчиќ вели дека штом предметите што се употребени во спотот се најдени на почвата на Македонија, тогаш никаква правна сила не може да влијае на одлуката тие да се користат за наши интереси.

- Во спотот е вметнат предмет што има претстава на симболот - сонцето од Вергина. Проблеми би можеле да настанат ако тој е најден во Грција, но мислам дека станува збор за мегарска чаша со тој мотив, која е пронајдена на Самуиловата тврдина во Охрид - коментира Лилчиќ.

Шеснаесеткракото сонце од Вергина, потсетува Лилчиќ, е пронајдено на гробницата на Филип Втори, но, сепак, дури и некои грчки научници се согласуваат дека тоа не е само грчки симбол, туку прастар симбол, кој потекнува од Месопотамија од 4000 до 3000 години пр.н.е. Тој се јавува во културата на речиси сите медитерански земји.

Освен до генералниот секретар на Обединетите нации, Бан Ки-Мун, грчката влада подготвува протестно писмо и до голем број меѓународни организации, светски медиуми и шефови на држави и на влади. Спотот, според грчки извори, има за цел да ја збуни светската јавност за вистинската античката историја.

- Нејасно е дали грчките обвинувања се резултат на неинформираност или на тенденциозност - велат од „Сенка филм“ потсетувајќи дека потеклото на артефактите било познато во јавноста уште пред изработката на спотот.

Од Министерството за надворешни работи велат дека сè уште не добиле протестно писмо од Грција за спотот на Манчевски, а ако добијат ќе реагираат на него. Спотот „Македонија вечна“, кој се емитува на „Си-Ен-Ен“, „Си-Ен-Ен интернешнел“, „Канал 4“ во Велика Британија, „Франс 24“ и на други светски канали. ❑